Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)*

**Член 3**

Овој план на програми за развој на Општина Гази Баба влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3039/11**
**од 25.09.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ ВО ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА СЕКУНДАРНА ФЕКАЛНА МРЕЖА И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦ ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СМИЛКОВЦИ"**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3209/10**
**од 29.09.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци" (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.6/20 и 7/20), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и третата седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ ВО ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА СЕКУНДАРНА ФЕКАЛНА МРЕЖА И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СМИЛКОВЦИ"

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба одобрува финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци".

### Член 2

Општина Гази Баба во кофинансирањето на проектот од членот 1 од оваа одлука, ќе учествува со 11.800.000,00 денари со вклучен ДДВ.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3039/12**
**од 25.09.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3209/11**
**од 29.09.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18. 101/19 и 275/19), член 65 од Законот за спортот (''Службен весник на РМ'' бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 52/19, 98/19 и 244/19), член 5 став (1) од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба (Службен гласник на Општина Гази Баба бр.12/18 и 15/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и треттата седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Со оваа одлука се врши категоризација на објектите за спорт во сопственост на општина Гази Баба.

### Член 2

Објектите за спорт во сопственост на општина Гази Баба се категоризираат во согласност со нивната функционалност, опременост, безбедност, инфраструктурни компоненти и содржини за спорт и спортско-рекреативни активности, како и врз основа на стандардите за организирање национален и меѓународен систем на натпревари.

### Член 3

Објектите за спорт што се во сопственост на општина Гази Баба обезбедуваат услови за:

(1) остварување на локалниот интерес;

(2) остварување на содржините на спортските активности;

(3) обезбедување на квалитет и можности за одржување на спортски натпревари од спортско-рекреативен карактер, натпревари во првиот, вториот и третиот степен на системот на натпревари на државните спортски федерации;

(4) обезбедување на можности за одржување на државни и меѓународни натпревари, турнири, одржување на европски и светски првенства;

(5) досегашното управување и инвестирање во објектот; и

(6) остварените резултати во објектите и развиеност на спортот во соодветната средина преку остварените резултати.

### Член 4

Објекти за спорт во сопственост на Општина Гази Баба се:

(1) Тениско игралиште, на улица "Гемиџиска" број 57, населено место Железара, КП 458/1 и КП 459 КО Гази Баба, Имотен лист број 1021 КО Гази Баба, во ООУ "Григор Прличев" - Скопје,

(2) Помошно фудбалско игралиште со помошен објект, населено место Трубарево, КП 193 КО Трубарево, Имотен лист број 919 КО Трубарево,

(3) Повеќенаменско игралиште, населено место Маџари 2, на улица "Петре Филиповски Гарката" бб - Скопје, КП 344 КО Маџари, Имотен лист број 2201 КО Маџари, во ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје,

(4) Спортска сала "Методија Андонов Ченто", населено место Маџари, на улица "Петре Филиповски Гарката" бб - Скопје, КП 209/3 КО Маџари, Имотен лист број 68714 КО Маџари, во ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје,

(5) Спортска сала “Крсте Мисирков“, на улица “Новопланирана станбена улица 2“ бб, населено место Ченто, КП 3716/5 КО Сингелиќ, Имотен лист број 24871 КО Сингелиќ-1, во ООУ “Крсте Мисирков“ - Скопје,

(6) Фудбалско игралиште, на улица “Финска“ број 1, населено место Маџари 2, КП 4875 КО Сингелиќ-1, Имотен лист број 25850 КО Сингелиќ-1,

(7) Фудбалски стадион “Борис Трајковски“, населено место Маџари 2, КП 4986 КО Сингелиќ-1, Имотен лист на згради број 23392 КО Сингелиќ-1 и Имотен лист на игралиште со трибина број 25833 КО Сингелиќ-1, и

(8) Спортска сала “Стив Наумов“, КП 1138/2 КО Гази Баба, Имотен лист број 47208 КО Гази Баба, во студентската населба “Стив Наумов“ во Скопје.

**Член 5**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престануваат да важат:

(1) Одлуката за отстапување на трајно користење на тениски терен на ООУ “Григор Прличев“ - Скопје, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на општина Гази Баба одржана на 10 јули 2015 година, број 09-2613/10 од 10 јули 2015 година (“Службен гласник на Општина Гази Баба“ број 9/2015),

(2) Одлуката за отстапување на трајно користење на помошно фудбалско игралиште со помошен објект во н.м. Трубарево на ЈКП “Гази Баба - 2007“ - Скопје донесена на триесет и третата седница на Советот на општина Гази Баба одржана на 12 јуни 2015 година, број 09-2263/4 од 12 јуни 2015 година (“Службен гласник на општина Гази Баба“ број 8/2015),

(3) Одлуката за отстапување на трајно користење на повеќенаменско игралиште на ООУ “Наум Наумовски - Борче“ - Скопје донесена на триесет и третата седница на Советот на општина Гази Баба одржана на 12 јуни 2015 година број 09-2263/3 од 12 јуни 2015 година (“Службен гласник на општина Гази Баба“ број 8/2015),

(4) Одлуката за отстапување на трајно користење на спортската сала “Крсте Мисирков“ на ООУ “Крсте Мисирков“ - Скопје донесена од Советот на општина Гази Баба на педесет и првата седница одржана на 31 август 2016 година број 09-4764/14 од 31 август 2016 година (“Службен гласник на општина Гази Баба“ број 12/2016).

**Член 6**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба донесена од Советот на општина Гази Баба на четиринаесеттата седница одржана на 28 септември 2018 година, број 09-4193/22 од 28 септември 2018 година (“Службен гласник на Општина Гази Баба“ број 16/2018).

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3039/13**
**од 25.09.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКАНА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТИСТИ,ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, КОИ СЕ ОДРЖУВААТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации, кои се одржуваат во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3209/12**
**од 29.09.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации (''Службен весник на РМ'' бр.52/10, 135/11 и 55/16), член 22-а од Законот за спортот (''Службен весник на РМ'' бр.29/02, 66/04, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 98/19 и 244/19), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и третата седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТИСТИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ КОИ СЕ ОДРЖУВААТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.12/18), во член 4 ставот (2) се менува и гласи:

''Јавниот оглас за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, се распишува на 15 јануари во тековната за истата буџетска година и трае 30 дена, заклучно со 15 февруари, а се објавува во едно од дневните гласила и на веб-страницата на Општина Гази Баба.''

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3039/14**
**од 25.09.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА**
**ПРИМАЊЕ ДОНАЦИЈА ОД ГРАД СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање донација од Град Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3209/13**
**од 29.09.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (''Службен весник на РМ'' бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за давање донација на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.9/20) донесена од Советот на Град Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и третата седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ ДОНАЦИЈА ОД ГРАД СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба - примател на донацијата од Град Скопје - дaвател на донацијата, прима донација која се состои од:

- 20 метални столбови со висина од 8 метри;
- 20 еднокраки лири со должина од 2 метри;
- 20 светилки со моќност од 250 Њ со натриум светилка.

Проценетата вредност на донацијата изнесува 600.000,00 денари.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со Градоначалникот на Град Скопје, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 3**

Се задолжува секторот за финансиски прашања, по склучување на договорот од членот 2 од оваа одлука, стварите предмет на донација, да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција на општината.

**Член 4**

Одлуката да се достави до секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај и секторот за финански прашања од општинската администрација и Град Скопје.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3039/15**
**од 25.09.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 08, БЛОК 03, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3209/14**
**од 29.09.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 39 став (5) и став (9) и член 42 став (3), став (5) и став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и третата седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 08, БЛОК 03, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 год. (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.18/12) Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (''Службен весник на РМ'' бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 2**

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од 22,266 ха кој е во рамките на следните граници:

Границите на планскиот опфат се следните:

- **Североисток:** собирна улица ''Перо Наков'';
- **Југоисток:** сервисна улица ''С 7'';
- **Југозапад:** сервисна улица ''С 1'';
- **Северозапад:** сервисна улица ''С 5''.

Границата на планскиот опфат претставува затворена полигонална линија претставена описно со координатите на секоја прекршна точка со реден број од 1 до 11 и три лакови.

| | X | Y |
|---|---|---|
| 1 | 7542475.081 | 4649778.084 |
| лак 1 | | |
| испапченост | 0.038 | |
| центар | 7542328.121 | 4649778.084 |
| радиус | 275 | |
| почетен агол | 57d42' | |
| краен агол | 66d29' | |
| 2 | 7542437.817 | 4649797.819 |
| 3 | 7542110.767 | 4649940.086 |
| 4 | 7542101.042 | 4649908.886 |
| лак 2 | | |
| испапченост | -0.08 | |
| центар | 7541910.103 | 4649968.402 |
| радиус | 200 | |
| почетен агол | 642d41' | |
| краен агол | 324d21' | |
| 5 | 7542072.636 | 4649851.857 |
| 6 | 7542059.179 | 4649833.089 |
| 7 | 7542029.035 | 4649791.050 |
| 8 | 7541913.231 | 4649629.552 |
| лак 3 | | |
| испапченост | 0.083 | |
| центар | 7541994.498 | 4649571.279 |
| радиус | 100 | |
| почетен агол | 144дd21' | |
| краен агол | 163d24' | |
| 9 | 7541898.663 | 4649599.84 |
| 10 | 7541869.783 | 4649502.933 |
| 11 | 7542168.429 | 4649308.560 |

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје, со тех.бр.0801-03-09/2018 од Јуни 2019 година, изработен од Друштво за производство, трговија и услуги "ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" Сашо Иванов ДООЕЛ, Битола, содржи:

**СОДРЖИНА**

- Насловна страна;
- Податоци за изработувачот;
- Работен тим;
- Регистрација на фирмата;
- Лиценца на фирмата;
- Овластувања на вработените.

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А. Текстуален дел:**

1. Површина и опис на границите на планскиот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје.

2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина.
3. Податоци за природните чинители.
4. Податоци за создадените вредности и чинители.
5. Инвентаризација на земјиштето и зеленилото вопланскиот опфат, на изградениот Градежен фонд и на вкупната физичка супраструктура.
6. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно - историско значење и културни предели (заштитно-конзерваторски основи).
7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура.
8. Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план.
9. Анализа на можностите за просторен развој.
10. Други податоци и информации.

**Б. Нумерички дел:**

1. Нумерички показатели.

**В. Графички дел:**

1. Извод од план од повисоко ниво.
2. Извод од постоен урбанистички план, урбанистичко - планска документација и одобрени урбанистички планови.
3. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од Урбанистички планови и плански документации и урбанистички проекти релевантни за планскиот опфат М = 1:1000.
4. Ажурирана геодетска подлога М = 1:1000.
5. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура на земјиштето и зеленилото М = 1:1000.
6. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура М = 1:1000.

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

А. Текстуален дел:

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат (топоними и опис), плански период.
2. Опис и образложение на планскиот концепт.
3. Опис и образложение на планските решенија за изградба.
4. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
5. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште

**Б. Нумерички дел:**

1. Нумерички показатели.
2. Билансни показатели

**В. Графички дел:**

1. План на намена на земјиштето и градбите М = 1:1000.
2. Регулациски план, план на површини заградење, план на зеленило М = 1:1000.
3. Сообраќаен план, нивелациски план М = 1:1000.
4. Инфраструктурен план М = 1:1000.
5. Синтезен план М = 1:1000.

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (''Службен весник на РМ'' бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 4**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план се применува по прикачување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3039/16**
**од 25.09.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИЕМ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОТСТАПЕН ПРЕДМЕТ, ОДЗЕМЕН СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА**

1. Се објавува Одлуката за прием во сопственост на отстапен предмет, одземен со правосилна пресуда, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.09.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3209/15**
**од 29.09.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 а во врска со член 64 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и треттата седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИЕМ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОТСТАПЕН ПРЕДМЕТ, ОДЗЕМЕН СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА

### Член 1

Со оваа одлука се прима во сопственост на Општина Гази Баба отстапен предмет одземен со правосилна пресуда, во согласност со решение за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Гази Баба, бр.09-2005/2 од 01.07.2020 година, донесено од директорот на Агенцијата за управување со одземен имот, со добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија со одлука бр.44-6842/13 од 09.09.2020 година (''Службен весник на РСМ'' бр.218/20).

### Член 2

Описни карактеристики на отстапениот предмет се:

| | |
|---|---|
| Вид на предмет: | Неткаен материјал во ролна |
| Тежина: | 203,00 килограми |
| Должина: | 9.500 метри |
| Вредност во денари: | 12.383,00 |

### Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе постапката околу пренос на сопственоста на отстапениот предмет, одземен со правосилна пресуда, на име на Општина Гази Баба.

### Член 4

Се задолжува секторот за финансиски прашања по спроведување на постапката од член 3 на оваа одлука, отстапениот предмет одземен со правосилна пресуда да го воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција на општината.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3039/17**
**од 25.09.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за донесување на Програма за работа на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, за учебната 2020/2021 година . . . . 4

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за капитални инвестиции за набавка на возила за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . 6

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година . . . . 8

**ОДЛУКА** за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2020/2021 година . . . . 10

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година . . . . 12

**ОДЛУКА** за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2020/2021 година . . . . 14

**ОДЛУКА** за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "25 Мај'" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . 16

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на уличното осветлување преку набавка и имплементација на паметни ЛЕД светилки и набавка на софтвер (SaaS) за паметни ЛЕД светилки . . . . 18

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE . . . . 24

**ОДЛУКА** за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци; . . . . 30

**ОДЛУКА** за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба . . . . 32

**ПРАВИЛНИК** за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба . . . . 35

**ОДЛУКА** за примање донација од Град Скопје . . . . 37

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје . . . . 39

**ОДЛУКА** за прием во сопственост на отстапен предмет, одземен со правосилна пресуда . . . . 44



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 11/20**
**43 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци